Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за состојбата со управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во РМ, воспоставената координација помеѓу институциите и другите учесници во процесот на конфискација/одземање на имот, националната регулатива, планирање, имплементација и резултатите, политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, преземени обврски во функција на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, воспоставена рамка со која ефикасно и ефективно ќе се управува со конфискуваниот имот во РМ, доволноста на кадровски потенцијали и финансиски средства за остварување на целите и други отворени прашања во областа кои произлегоа во тек на ревизијата.

Утврдените состојби во оваа област ги споредивме со критериумите наведени во повеќе законски и подзаконски акти подетално споменати во делот од овој извештај – Опфат и методологија. Ризиците кои се појавија при прелиминарните истражувања претставуваа основа да се фокусираме на неколку ризични подрачја кај носителите на активноста, кои беа предмет на ревизијата на успешност. Подолу се претставени и развиени прашања со цел да дадеме оценка за активноста:

1. **Законска регулатива** – дали е донесена целосна и применлива законска и подзаконска регулатива од областа, дали се утврдени преклопувања, дуплирања, недоследности и недоречености утврдени со ЗУОИ помеѓу АУОИ и други надлежни институции во РМ, и дали се склучени билатерални договори со цел размена на информации и податоци за одземениот имот и меѓународна правна помош во областа;
2. **Формирање, организација, надлежност и функционирање** – дали тековната организациона поставеност е соодветна и функционална за областа над која АУОИ има надлежности и која е функцијата на јавните извршители во процесот на конфискација/одземање на имот;
3. **Кадровска екипираност, опременост, обука и финансирање** – дали постојниот број на вработени во АУОИ е доволен, каква е состојбата со опременоста и спроведените обуки на АУОИ, дали АУОИ презема активности во насока на одземање, проценка, чување, отстапување и продажба на одземениот имот во РМ и дали обезбедените финансиски средства се доволни за ефикасно функционирање;
4. **Координација и соработка** помеѓу АУОИ и институциите вклучени во процесот за одземање на имот – дали и на кој начин е регулирана тековната форма на координација и соработка помеѓу институциите вклучени во процесот на одземање на имот во РМ;
5. **Мерки за обезбедување и контрола на одземениот имот** сместен во магацинските складишта на АУОИ – дали магацинските складишта се во функција на обезбедување и осигурување на одземениот имот, од уништување, крадење како и намалување на неговата вредност согласно

начелото на економичност, законитост, ефикасност, транспарентност со внимание на добар домаќин, одговорно, стручно, професионално и ажурно;

6. **Процена и евиденцијата на одземен имот** за периодот 2009 – 2011 година од страна на АУОИ – дали и на кој начин се врши процената на вредноста на одземениот имот од страна на АУОИ и дали воспоставените евиденции за одземениот имот кај носечките институции (АУОИ, Судови, МВР и ЦУ) се целосни и континуирани.

Во таа смисла и овој извештај е изграден на начин кој ќе ги даде одговорите на прашањата кои произлегуваат од утврдените ризични подрачја како резултат од извршената ревизија. Наодите во ова поглавје се нумерирани согласно нумерацијата на ризичните подрачја дадени погоре во точките од 1 до 6.
Во функција на градење одговори зад секое од подрачјата, дадени се следните образложенија:

## 1. Законска регулатива

1.1 Согласно Законот[1] за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка предвидено е:

- Донесување на Уредба за стандардите за безбедност и начин на чување, продажба, уништување на одземените наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори и постапка за нивно отстапување за научно истражувачки цели од страна на Владата на РМ согласно член 54 од ЗУОИ. Во текот на 2009 година со Одлука[2] директорот формирал работна група за изработка на оваа Уредба во чиј состав биле претставници од АУОИ, Биро за лекови, МВР и ЦУ на РМ, но до денот на завршување на ревизијата оваа Уредба не е изработена од АУОИ и не е донесена од Владата на РМ. Во текот на 2009 година со Решение[3] донесено од Министерот за правда формирана е Комисија за уништување на одземени наркотични droги, психотропни супстанци, прекурзори.

- Согласно член 20 од ЗУОИ директорот на АУОИ на секои шест месеци треба да доставува извештај за работа до Владата на РМ и до УО на АУОИ. Од формирањето на АУОИ до денес изработени се три шестмесечни извештаи и тоа: во август 2009 година, јуни 2010 година и јули 2011 година, кои се доставени до Владата на РМ и до УО. За останатиот период директорот на АУОИ не изработил шестмесечни извештаи.

---

[1]Извор на податоци:ЗУОИ Сл. Весник на РМ број 98 од 04.08.2008 година и Закон за изменување и дополнување на ЗУОИ Сл. Весник на РМ број 145 од 05.11.2010 година.
[2]Извор на податоци:Одлука за формирање на работна група за изработка на Уредба број 03-919/1 од 28.12.2009 година.
[3]Извор на податоци:Решение број 08-2556/7 од 06.07.2009 година



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______
*2.* ______ ______
*3.* ______

- Директорот на АУОИ изготвува и предлага на УО подзаконски акти за спроведување на овој закон, а УО ги усвојува. Подзаконските акти донесени во текот на 2009 година се потпишани и усвоени од страна на УО на АУОИ. Во текот на 2009 година УО донел Одлука[4] за активно вклучување на членовите на УО во изработка на правилници, поради надминување на законскиот рок од шест месеци за нивното донесување. Со ваквиот начин на донесување на подзаконските акти не постои разграничувањето на надлежностите помеѓу директорот и УО. Поради ваквата состојба во текот на 2010 година на седница[5] на УО директорот на АУОИ побарал .....“да се направи разграничување на работата на претседателот на УО и се што е под надлежност на директорот и за истото да се достави информација за преземените активности“..... До завршувањето на ревизијата информацијата не е изработена од страна на УО;

- Согласно член 24 од ЗУОИ при преземање на имотот, имотната корист и предметите се составува записник кој содржи податоци за видот, количината, состојбата во која се примаат, лицето од кое е одземен, како и процена на вредноста утврдена од овластен проценител. Преземањето АУОИ го врши со: записник за примопредавање на одземени предмети согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на записникот за одземениот имот, имотна корист и одземени предмети донесен од УО, записник за предавање на наркотичните дроги, психотропни супстанции и прекурзори кај надлежен државен орган што ги исполнува пропишаните услови за чување, кој не е донесен од УО и записник за примо - предавање на возила кој не е составен дел од Правилникот на АУОИ ниту пак е усвоен од УО, меѓутоа АУОИ го користи во своето работење;

- Согласно член 48 од ЗУОИ утврден е органот (судот) од кој АУОИ треба да добие претходна согласност со цел продажба на привремено одземениот подвижен имот, кога со чувањето на ствапта се намалува неговата вредност или трошоците се несразмерно големи. Согласно член 36 став 1 од Правилникот за постапување со одземен имот предвидено е претходната согласност за продажба на одземените подвижни предмети да даде Судот или друг орган кој ги одзема предметите што не е во согласност со ЗУОИ. Во текот на 2010 година АУОИ доставила барање[6] до ЦУ на РМ за прибавување на претходна согласност за продажба на привремено одземени предмети во царинска прекршочна постапка, но ЦУ на РМ повикувајќи се на

[4] Извор на податоци:Одлука број 03-630/10 од 22.10.2009 година.
[5] Извор на податоци:Записник од 24-та Седница на УО број 03-2152/2 од 25.12.2010 година.
[6] Извор на податоци:Известување од ЦУ на РМ бр.05-021283/10-0004 од 25.08.2010 година



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.*

*2.*

*3.*

Меморандумот за меѓусебно разбирање и соработка во постапувањето со одземените предмети во прекршочна и кривична постапка и Упатството за начинот на постапување со одземени стоки отстапени во корист на државата, се огласила за ненадлежна да донесува ваква согласност.

1.2 Согласно член 63 од ЗУОИ предвидено е одредбите од другите закони и подзаконските акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка да се усогласат со одредбите на ЗУОИ, заклучно со 31.12.2008 година. Овие усогласувања се направени со задоцнување и тоа:

- Одредбите од Законот за извршување на санкции кои се однесуваат на извршување на конфискација на имот, имот на корист и одземање на предмети се бришат заклучно со 26.04.2010 година со задоцнување од 16 месеци;
- Уредбата за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средствата стекнати со продажбата во делот на стоките кои се одземени во кривична и прекршочна постапка престануваат да важат заклучно со 02.06.2010 година со задоцнување од 18 месеци и
- Правилникот за постапување на полициските службеници со привремено одземените и пронајдени предмети не е изменет до завршувањето на ревизијата. Во правилникот дефинирани се одредби, кои по формирањето на АУОИ, не се во надлежност на МВР.

1.3 Согласно член 61 од ЗУОИ предвидено е донесување на подзаконските акти во рок од шест месеци од стапувањето во сила на законот. Подзаконските акти не се донесени во предвидениот рок, односно истите се донесени со задоцнување од најмалку шест месеца. Донесените правилници не се во согласност со ЗУОИ и содржат нејасни, непрецизни одредби што укажува на потребата од нивно ревидирање и усогласување со релевантните законски прописи. Ваквата состојба е потврдена и во Информацијата[7] за состојбите во АУОИ изработена од комисија на Владата на РМ во текот на 2010 година. Во донесените правилници ревизијата ги утврди следните состојби:

- Со Правилникот за постапување со одземениот имот се уредува начинот на постапување со конфискуваниот имот, имот на корист и одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, евидентирање, сместување, чување, предавање, начинот и постапка за продажба, уплата на средствата во Буџетот на РМ и преземањето

[7]Извор на податоци:Информација број 09-1472/1 од август 2010 година.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.*
*2.*
*3.*

на предметите од страна на купувачот. Ревизијата утврди дека со правилникот се регулира постапувањето само со движен имот;

- Согласно точка 3 од Правилникот за постапување со одземен имот во случај на неуспешно прво односно второ јавно наддавање, комисијата за продажба донесува одлука продажбата на одземените предмети да се изврши по пат на прибирање на понуди или со непосреден договор. Вака утврдените начини за продажба не е во согласност со член 34 од ЗУОИ каде е дефинирано дека продажбата на одземените предмети се врши со јавно наддавање. Тековната законска и подзаконска регулатива не ја уредуваат постапката за продажба на одземените предмети по пат на непосредната спогодба и барање за прибирање на понуди и истите не ги утврдува како начини за продажба на одземениот имот;
- Не е извршено тековно усогласување на Статутот[8] на АУОИ со измените и дополнувањата на законската регулатива кои ја уредуваат предметната материја во делот на организационата поставеност и делокругот на надлежностите на Директорот и УО;
- На WEB страната на АУОИ објавени се документите: правилник за лицитирање и кратко корисничко упатство со кои се уредува правото на учество, почетната цена, депозитот, правилата, условите како и начинот на спроведување на електронско јавно наддавање - аукција кои не се усвоени од УО.

1.4 Согласно член 20 од ЗУОИ, директорот на АУОИ изготвува и му предлага на УО Годишен план за работа во кој се утврдуваат целите и приоритетите на АУОИ, активностите, потребните ресурси и финансиските средства за нивно целосно реализирање и постигнување на очекуваните резултати. Директорот на АУОИ нема изработено годишни планови за работа за 2009, 2010 и 2011 година. Во август 2011 година АУОИ изработила план за работа за 2012 година, во кој се наведените целите и приоритетите за наредната година: зајакнување на кадровските капацитети, обезбедување на деловен простор за сместување на АУОИ, проширување на магацинските капацитети, зголемување на финансиските капацитети, меѓународна соработка, интензивирање на соработката со другите државни органи и институции и измени и дополнувања на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и подзаконски акти. Значајно е да напомeнеме дека во периодот од 2009 - 2011 година во АУОИ се случиле три промени на местото директор.

1.5 Согласно член 11 од ЗУОИ, АУОИ има обврска да доставува квартални извештаи до Судовите и Јавното обвинителство за постапувањето по конкретен предмет за привремено конфискуван имот, имотна корист и

[8] Извор на податоци:Статут на АУОИ бр.03-84/2 од 06.08.2009 година

привремено одземени предмети. Во периодот од 2009 – 2011 година АУОИ нема доставено квартални извештаи до Судовите и Јавното обвинителство. Од одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека АУОИ не доставува квартални извештаи од причина што не е редовно известена од надлежните институции Судови, ЦУ, МВР, за привремено одземените предмети.

1.6 Во текот на ревизијата утврдивме преклопувања и недоследности помеѓу ЗУОИ и други закони кои го регулираат управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и тоа:

- Во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции во делот за начинот на постапување, уништување и финансирање на одземени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори;
- Во законот за Кривична постапка[9] член 129 наведено е дека ако во пресудата е изречена посебна мерка одземање на предмети, судот што ја изрекол пресудата во прв степен ќе одлучи дали таквите предмети ќе се продаваат според одредбите што важат за извршната постапка или ќе се предадат на државни органи, криминалистички музеј или на други институции или ќе се уништат, а добиените средства од продажбата се уплаќаат во Буџетот на РМ. Продажбата на одземените предмети согласно ЗУОИ е надлежност на АУОИ;
- Во член 20 од Законот за Царинска управа наведено е дека органите на државна управа и другите државни органи, како и органите на општините и градот Скопје, се должни да ја известуваат ЦУ за сторени прекршоци и кривични дела или прекршоци и кривични дела што може да се сторат од областа на царинското работење. Органите на државната управа и другите државни органи, како и органите на општините и градот Скопје, конечно одземената царинска стока, предмет на прекршок или кривично дело, можат да му ја продадат или отуѓат по која било правна основа на друго лице, само ако ЦУ го дозволила тоа и доколку настанатиот царински долг е во целост намирен. Продажбата на одземените предмети согласно ЗУОИ е надлежност на АУОИ.

1.7 Со ЗУОИ не се уредени односите на АУОИ со други држави во делот на управувањето со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, односно соработката во оваа област, со цел размена на информации и податоци за одземениот имот и меѓународна правна помош како и соработка во конфискација на имот кој што се наоѓа во друга држава. Статутот на АУОИ предвидува остварување на меѓународна соработка со странски слични агенции преку размена на експертски ставови и идеи во насока на унапредување на конкретни мерки и активности во остварување на работите од нејзиниот делокруг. Во периодот 2009 – 2011 година АУОИ нема

[9] Извор на податоци:Сл. Весник на РМ бр.15/05...67/09

склучено билатерални договори со ниту една држава. Во текот на 2010 година Владата на РМ на седница[10] ја задолжила АУОИ да преземе иницијатива за воспоставување договори за координирање на активностите за одземање, конфискување и делење на конфискуваниот имот со други земји согласно проценките и приоритетите направени од нејзина страна. За оваа активност АУОИ доставила известување до Генералниот секретаријат на Владата на РМ дека покренала иницијатива за воспоставување контакт со 14 држави, но до денот на известување од извршената ревизија, оваа иницијатива не резултирала со конкретни резултати. Од одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека билатералните договори се од огромна важност поради намалување на ризикот од пренос конфискуваниот имот во друга држава. Во отсуство на склучени билатерални договори не постои можност да се утврди целокупната имотна состојба на осуденото лице.

## 2. Формирање, организација, надлежност и функционирање

2.1 Ако се има во предвид фактот дека пред формирањето на АУОИ, надлежноста за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети ја извршувале повеќе институции меѓу кои Судови во РМ, ЦУ, МВР како и нивната регионална организациона поставеност која се остварува преку 26 Судови во РМ, Сектори за внатрешни работи и полициски станици, Царинарници и царински испостави низ државата, се наметнува прашањето за потребата од организациона промена на функционирањето на АУОИ, во насока на регионална организациона поставеност. На овој начин ќе се придонесе за поефикасно функционирање на АУОИ во управување со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, побрзо и поекономично ќе се презема и складира одземената стока/имот, ќе се намалат трошоците за транспорт како и ќе се подобри комуникацијата и координацијата со надлежните институции кои се вклучени во оваа активност. Од извршените интервјуа со одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека отсуството на регионална организациона поставеност на ниво на државата, го попречува оперативното работење како на АУОИ од една страна, така и на останатите органи кои се дел од процесот на одземање на стока/имот (Основните судови во РМ, ЦУ, Шумска полиција, Пазарна инспекција), кои што територијално ја покриваат целата држава, со исклучок на подрачјето на Гевгелија, каде АУОИ располага со склад. Судовите во РМ во кои ревизијата изврши непосреден увид го делат мислењето за формирање на регионални собирни центри, каде АУОИ ќе го сместува и чува одземениот имот во РМ.

2.2 АУОИ, Владата на РМ и надлежните институции немаат изработено стратегија за управување со одземен имот, имотна корист и одземени предмети од формирањето на АУОИ до денес. Со стратегијата би се утврдиле

[10]Извор на податоци:Нацрт записник од 176 – та Седница број 51-4250/1 од 01.08.2010 година

постапки, процеси, и активности кои треба да ги преземат АУОИ, Владата на РМ и надлежните институции со цел утврдување на целокупниот одземен имот со кој располагаат институциите кои пред формирањето на АУОИ ја имале оваа функција, состојбата во која се наоѓа како и дефинирање на активности кои треба да ги преземат институциите со цел предавање на одземениот имот на АУОИ. Со стратегијата би се утврдил временскиот рок во кој целокупниот одземен имот би се предал како и начините на предавање и сместување во АУОИ. Утврдувањето на состојбата во која се наоѓа одземениот имот би имало за цел колку од тој одземен имот е во функција, колку е застарен, колку треба да се уништи и колку од тој имот може да се отстапи или продаде согласно ЗУОИ. Во недостиг на дефинирани и донесени стратешки документи и постапки за управувањето со одземениот имот се случува овој процес да се одвива стихијно, без дефинирани приоритети и утврдени насоки во областа. Ваквата состојба довела до проблеми во непречено функционирање на АУОИ и надлежните институции.

2.3 Согласно член 6 и член 28 од ЗУОИ, во делокруг на работа на АУОИ, предвидена е постапка за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист како и извршување на одлуката за одземање имот. Со Правилникот за Внатрешна организација[11] основни надлежности на Секторот за оперативно работење во чиј состав е одделението за организација и работа на јавните извршители е: преземање, организирање на транспорт, чување и складирање, управување, спроведување на активности за конфискација, проценка и спроведување на јавна лицитација. Од друга страна во Правилникот за постапување со одземен имот[12], јавните извршители се дефинирани како лица кои го превземаат одземениот имот во кривична и прекршочна постапка, го сместуваат и чуваат во некој од складовите на АУОИ во РМ или во странство. Со увид во законската и подзаконската регулатива од областа управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка во РМ, ревизијата утврди дека отсуствуваат одредби кои детално го уредуваат начинот на постапување и спроведување на извршувањето како и улогата на јавните извршители во процесот на извршување на конфискацијата на имот, имотна корист и одземање на предмети. Начинот на извршувањето на одземениот имот, без конкретно дефинирање во законската регулатива, како и дефинирање на должностите и овластувања на јавните извршители, создава можност спроведувањето на извршувањето да се врши без утврдени постапки и критериуми.

[11]Извор на податоци:Правилник бр.01-2734/1 од 06.12.2010 година.

[12]Извор на податоци:Правилник за постапување со одземен имот на АУОИ бр.03-741/9 од 18.11.2009 година.

## 3. Кадровска екипираност, опременост, обука и финансирање

3.1 Со Правилникот за систематизација на работните места на АУОИ проектиран е бројот на вработени по работни места за годините 2009, 2010 и 2011 година. За 2009/2010 година проектирана е бројка од вкупно 35 вработени, од кои вработени се 9 или 26% од вкупно предвидените. Во 2011 година проектирана е бројка од вкупно 113 вработени, од кои вработени се 27 или 24%. Најнизок степен на пополнетост се забележува во секторот за финансиски прашања со 7%, а одделенијата за управување со човечки ресурси, внатрешна ревизија, нормативни и правни работи, буџетска координација и буџетска контрола, проценување на одземениот имот, продажба на одземен имот и набавки и одделението за логистичка поддршка немаат ниту еден вработен. Во периодот 2009 - 2011 година доставени се барања за нови вработување и по тој основ се добиени одговори од МФ на РМ:

- за 2009 година поднесени се 8 барања за 32 постојани и 10 времени вработувања, за кои од страна на МФ на РМ обезбедени се финансиски средства за 9 постојани вработувања;
- за 2010 година поднесено е 1 барање за 2 нови вработувања, за кое од страна на МФ на РМ не се обезбедени финансиски средства;
- за 2011 година поднесено е 2 барање за 19 нови вработувања, за кои од страна на МФ на РМ обезбедени се финансиски средства за 18 вработувања.

Во текот на 2010 година Владата на РМ со заклучок[13] ги задолжила сите Министерства и органите во состав да ја информираат АУОИ дали и колку вработени (дипломирани правници, економисти, информатичари, инженери по технички науки, сметководители како и вработени со средно образование), можат спогодбено да ги отстапат. Оваа активност до денот на завршување на ревизијата не резултирала со отстапување на ниту еден вработен. Во текот на 2011 година, како резултат на реформата на јавната администрација, донесена е Програма за распоредување на државни службеници чии работни места се укинуваат во Агенцијата за развој и инвестиции на РМ и се превземаат во Министерството за економија, АУОИ и МФ на РМ. Согласно оваа програма на АУОИ и се доделени пет државни службеници кои во АУОИ започнаа со работа од 1 декември 2011 година. Споредбата на проекциите за потребен број на вработени по работни места и фактичката состојба покажува покриеност со недоволен број на вработени и/или отсуство на вработени во одредени одделенија/сектори. Податоците за кадровската екипираност на АУОИ за 2010 и 2011 година подетално се прикажани во Прилог 2, Преглед 1 кон овој извештај.

[13]Извор на податоци:Заклучок од 194 - та седница на Владата на РМ број 51-6562/1 од 17.11.2010 година.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________
*2.* ____________ ____________
*3.* ____________

3.2 Остварените средства по основ на конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети АУОИ ги уплаќа на депозитна сметка, отворена во текот на 2010 година, што не е во согласност со ЗУОИ кој предвидува дека средствата добиени од продажба на привремено одземени предмети треба да се уплатат на посебна приходна сметка, а средствата добиени од продажба на недвижен имот и предмети одземени со правосилна одлука веднаш по правосилноста на одлуката треба да се уплатат во Буџетот на РМ. Во периодот од основање до 07.10.2011 година, АУОИ по основ на конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, остварила средства во вкупен износ од 101.769.805 денари, од кои во Буџетот на РМ уплатила средства во вкупен износ 101.250.000 денари, а на депозитната сметка на АУОИ останале средства во износ од 519.805 денари.

3.3 Согласно законската регулатива, АУОИ е надлежна да организира, да врши едукација и тренинг на вработените во согласност со годишната програма и годишниот план што го усвојува УО. Во ЗУОИ во делокругот на работа на АУОИ е предвидено планирање, организирање и спроведување на обука за вработените во АУОИ и други субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот. Во периодот 2009 – 2011 година АУОИ нема спроведено обуки. Вработените во АУОИ имаат учествувано на семинари и конференции во организација на други институции во РМ и во странство. Имајќи го во предвид фактот дека АУОИ е релативно нов субјект, обуките се повеќе од потребни за унапредување на вештините на вработените во областа за која е надлежна АУОИ. Од извршените интервјуа со одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека поради недостиг на финансиски средства АУОИ не е во можност да спроведува обука на вработените и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот.

3.4 Во периодот 2009 - 2011 година во АУОИ започнати се три постапки за продажба и тоа:

- во текот на 2010 година започната е постапка за продажба на одземени предмети за што е формирана комисија[14] во која учествувал и член од Бирото за судски вештачења, со цел реално проценка на вредноста на предметите. Изготвен е извештај со спецификација на возила за кои е извршена проценка, без приложена документација од која би се потврдила применетата методологија и критериумите според кои е извршена процената. Од страна на УО донесена е одлука[15] за прекинување на оваа постапката, со образложение дека е спроведена лицитација без Правилник донесен од УО, без утврдени податоци за возилата предмет на продажба и извршена е проценка

[14]Извор на податоци:Одлука број 03-443/1 од 22.03.2010 год и Одлука од УО број 03-555/5 од 12.04.2010 година.
[15]Извор на податоци:Одлука од УО број 03 - 1065/3 од 18.06.2010.

без утврдени критериуми. Од претседателот на УО на АУОИ добивме образложенија дека причината поради која оваа постапка била прекината е тоа што за секое возило недостигале податоци за број на шасија, година на производство, како и дека нереално и неправилно е извршена проценката во однос на реалната вредност;

- продажба на одземен имот – возила како старо железо, по донесена Одлука[16] од УО и утврдена цена за килограм. Со решение[17] од директорот формирана е комисија за селекција на конечно одземените предмети кои ќе се продаваат како старо железо составена од девет члена, од кои четири од редот на вработените од АУОИ, двајца од Биро за судски вештачења и тројца надворешни членови. Директорот со решение[18] формирал комисија за продажба на старо железо. Објавен е оглас каде се дефинирани критериумите за доделување на договор. Постигната е повисока цена за килограм и склучен е договор со рок на важење од 4 месеци. По овој основ АУОИ остварила средства во вкупен износ од 3.162.055 денари кои се уплатени на депозитната сметка на АУОИ и уплатени во Буџетот на РМ;
- во текот на 2011 година започната е постапка за продажба на возила – старо железо по принцип на јавна лицитација. Постапката е започната со објава на оглас, со утврдена почетна цена. Во комисијата за селекција на одземените предмети учествувале и лица од Бирото за судски вештачења како надворешни членови. Постапката е прекината во фазата на донесување решение за избор на најповолен понудувач, поради промена на директорот на АУОИ. Постапката не е продолжена, односно не е донесено решение од страна на директорот, а не е започнатата ниту нова постапка.

Во услови на една продажба во периодот од три години од формирањето на АУОИ се доведува во прашање ефикасното функционирање и остварување на законска надлежност на АУОИ. Од друга страна магацинските простори и складишта со кои располага АУОИ немаат капацитет за преземање и чување на одземениот имот, без да се врши континуирана продажба на истиот. Ваквата состојба доведува одземениот имот да се чува подолг временски период, со што се намалува неговата вредност, а со тоа и се намалуваат финансиските средства кои по основ на продажба би се уплатиле во Буџетот на РМ. Само со континуирана продажбата на одземениот имот ќе се заштити неговата вредност како и ќе се оствари поголем прилив на средства во Буџетот на РМ.

[16]Извор на податоци:Одлука од УО број 02-54/2 од 11.01.2011 година,
[17]Извор на податоци: Решение број 07-121/1 од 20.01.2011.
[18]Извор на податоци: Решение број 07-121/2 од 20.01.2011.

3.5 Согласно член 52 од ЗУОИ, АУОИ може да отстапи одземени предмети со правосилна одлука на други државни органи, по претходна согласност на Владата на РМ. По доставено барање за возило од државен орган, Директорот на АУОИ донесува решение за доделување на движен предмет со правосилна пресуда, по кое УО донесува одлука за доделување на трајно користење на предметот. Решението за доделување се доставува до Генералниот секретаријат на Владата на РМ, со цел добивање на Одлука за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на државен орган. Во Правилникот за критериуми за отстапување на одземени возила на државни органи за кои е завршена кривична и прекршочна постапка, не се предвидени прецизни и точни критериуми/методологија за начинот и постапката на доделување на одземените возила односно во кои случаи и на кои органи можат да се доделат одземени возила. Во правилникот е наведено само каков вид на возило може да се отстапи, со наведување на конкретна марка на возило. Ваквата состојба има за ефект отстапување на возила на државни органи без утврдени постапки, критериуми и приоритети. Ревизијата изврши увид во 106 предмети/документација за отстапени возила со правосилна одлука на државни органи во периодот 2009 заклучно со 10.05.2011 година при што ја утврди следната состојба:

- во 46 предмети недостига пресуда/решение како основа за предавање на возилата;
- во 56 предмети недостига доказ за правосилност на пресудите;
- во 60 предмети недостига одлука од Управен одбор;
- во 3 предмети недостига решение од директорот на АУОИ;
- во 11 предмети недостига Одлука за согласност од Владата на РМ;
- во 92 предмети недостига доказ за извршена проценка;
- во 85 предмети недостига записник од примопредавање на возилото на АОУИ со органот на кого е доделено;
- во 3 предмети решенијата не содржат проценета вредност.

Важно е да напоменеме дека во текот на 2011 година, ревизијата утврди подобрување во целосноста/комплетноста на документацијата во постапката за отстапување на возилата со правосилна пресуда.

3.6 Согласно член 52 од ЗУОИ, предвидено е дека АУОИ може да отстапи одземени предмети со правосилна одлука на други државни органи по претходна согласност на Владата на РМ. Во текот на 2010 година АУОИ отстапила одземени предмети со правосилна пресуда на институции без донесена Одлука на Владата на РМ. Во текот на 2010 година Владата на РМ со извештај ја задолжила АУОИ сите возила кои ги има отстапено на одделни државни институции, без претходна согласност од Владата на РМ, да ги вратат во местото на преземање на АУОИ. Во текот на 2011 година директорот на АУОИ доставил до 14 институции известување/ургенција со барање

институциите најдоцна до 16.05.2011 година предметните возила да ги вратат на плацот на АУОИ во КПУ Идризово. Од вкупно 14 известувања/ургенции состојбата е следна:

- 4 институции со Записник за примопредавање ги вратиле отстапените возила во АУОИ;
- 2 институции биле согласни да ги вратат, со барање АУОИ истите да ги преземе поради немање на технички финансиски средства;
- 2 институции одговориле дека не им било предадено возило ниту пак биле известени за било какво преотстапување на возило;
- 1 институција доставила одговор дека добила Согласност од Владата на РМ за отстапеното возило и
- 5 институции не одговориле на известувањето на АУОИ.

Значајно е да напоменеме дека во текот на 2009 година сеуште функционирала формираната комисија од Владата на РМ за распределба на возила со завршена судска и царинска постапка, која била задолжена со заклучок[19] да отстапи возило на државен орган и покрај фактот што во тој период е формирана АУОИ, која согласно ЗУОИ е надлежна за отстапување на одземена стока/предмети на државни органи.

3.7 Согласно член 62 од ЗУОИ предвидено е во рок од шест месеци од денот на почнување со работа на АУОИ, Судовите и другите органи ја известуваат АУОИ за привремено одземениот имот и за одземениот имот со правосилна одлука кој не е продаден или отстапен и согласно со одредбите од законот го предаваат на управување на АУОИ. Постапката за предавање на одземениот имот на АУОИ не е завршена и покрај периодот од 30 месеци од почнувањето со работа на АУОИ. Во текот на 2009 година АУОИ доставила известување[20] до ЦУ во кое се наведува дека во услови кога АУОИ има само еден вработен (директорот), не може да одговори на барањата на ЦУ за преземање на одземениот имот, имајќи го во предвид обемот и делокругот на работа на АУОИ кој се однесува не само на управување со одземените предмети во прекршочна постапка на ЦУ туку и во кривична постапка и ги опфаќа конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети од страна на Судовите во РМ, како и сите органи кои водат прекршочна постапка како Пазарна инспекција, Шумска полиција, УЈП, МВР. Од извршените разговори со одговорните лица ни беше образложено дека моменталната состојба не дозволува АУОИ да одговори на барањата за преземање на одземениот имот од надлежните институции. Поради наведената состојба на недоволна опременост, капацитети за сместување и чување на одземениот имот, кадровска екипираност, недостиг на финансиски средства, АУОИ не е во состојба да управува со одземениот имот на начин предвиден согласно ЗУОИ.

[19]Извор на податоци:Нацрт - записник број 19-1982/1 од 10.06.2009 година.
[20]Извор на податоци:Одговор по известување од ЦУ број 03-546/2 од 02.10.2009 година.

Оваа состојба, од друга страна, има за ефект дополнителни финансиски трошоци околу чувањето и складирањето на одземениот имот кај останатите надлежни органи.

3.8 Законска обврска на АУОИ, меѓу останатото, е и да го превзема и складира одземениот имот. Постапката за преземање и сместување на одземениот имот АУОИ ја врши со три возила, од кои едно е во возна состојба. Ваквата состојба со опременост негативно се одразува врз работењето на АУОИ, од причини што за непречено управување со одземениот имот потребно е постоење на опрема и возила, со кои истиот би се транспортирал од местото на одземање до складовите/магацините на АУОИ. Одобрените средства со Буџетите на АУОИ за 2009, 2010 и 2011 година не можат да ги покријат основните расходи за тековното функционирање на АУОИ, како што се трошоци за комуналии, поправки, набавки на канцелариски материјали, ниту пак овозможуваат набавка на опрема и возила кои се неопходни за извршување на надлежноста и функционирањето на АУОИ согласно ЗУОИ. Во текот на 2011 година со Одлука[21] за престанок и давање на трајно користење на движни ствари, Владата на РМ и отстапила на АУОИ три вилушкари за што е склучен договор[22] за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок помеѓу ЦУ и АОУИ. И покрај периодот од 10 месеци од потпишувањето на договорот, истите не се преземени од страна на АУОИ. Од извршените интервјуа со одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека можно решение за наведениот проблем е законско решение за издвојување на определен процент од средствата кои би се оствариле од продажба на одземениот имот како приход на АУОИ, кое решение е предложено во измените на ЗУОИ.

3.9 Согласно член 24 и 25 од ЗУОИ предвидено е судот или друг орган за привремено и правосилно конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети задолжително да ја извести АУОИ и истите да ги предаде. Во законот не е уредено кој ги покрива трошоците за транспорт до складиштата на АУОИ. Од друга страна АУОИ во Правилникот за постапување со одземени предмети предвидела дека трошоците поврзани со транспорт, складирање, продажба на одземени предмети и за извршени услуги се подмируваат од платената откупна цена на тој предмет или друг предмет, и покрај фактот дека во ЗУОИ во член 49 и член 50 јасно е дефинирано дека средствата остварени од продажба на недвижниот имот или предмети одземени со правосилна одлука веднаш по правосилноста на одлуката, АУОИ ги уплаќа во Буџетот на РМ. Во Правилникот за внатрешна организација на АУОИ надлежноста за преземање и организирање на транспортот, чување и складирање на одземениот имот е доделена на Секторот за оперативно

[21]Извор на податоци:Одлука бр.51-7830 од 05.01.2011 година.
[22]Извор на податоци:Договор бр.09-48/2 од 08.02.2011 година.

работење. Со цел разрешување на настанатата состојба, АУОИ во текот на 2009 година побарала мислење од МФ и Генералниот секретаријат на Владата на РМ и донесување на заклучок во кој Владата на РМ ќе ги задолжи сите надлежни државни органи да соработуваат со АУОИ во делот на транспортот на одземените предмети, така што трошоците направени околу транспортот, товар и растовар, да ги покриваат државните органи до моментот кога АУОИ ќе процени дека е во можност самостојно да ги извршува и покрива сите трошоци и активности поврзани со истите[23]. Во услови на непостоење на прецизни одредби во ЗУОИ за тоа кој, каде и на кој начин ја предава и презема одземената стока/предмети, кој ги покрива трошоците за транспорт, како и во услови на необезбедени финансиски средства на АУОИ за оваа активност, се доведува во прашање ефикасното функционирање на АУОИ и извршувањето на нејзината надлежност.

## 4. Координација и соработка

4.1 Во насока на уредување на начинот и постапката на меѓусебно известување и примопредавање на привремено и/или правосилни одземени предмети во царинско прекршочна постапка и кривична постапка, како и чување и предавање на патнички и други моторни возила кои се сместени и се чуваат на плацевите во АМСМ, АУОИ склучила Меморандум[24] за меѓусебно разбирање и соработка во кој е предвидено следното:

- ЦУ во рок од 5 дена се обврзува да ја извести АУОИ за точните локации (плацови, магацини и други простории) каде што се сместени привремено и правосилно одземените предмети во прекршочната постапка, како и за времето во кое АУОИ ќе може да го врши преземањето. Доколку поради оправдани причини АУОИ не може да го изврши преземањето во определениот рок истата е должна да ја извести ЦУ и во заедничка соработка да изнајдат начин за нивно натамошно постапување и сместување;
- АУОИ и ЦУ се обврзуваат со потпишувањето на овој меморандум да воспостават електронски систем за размена на потребните податоци;
- Договорните страни се согласија АУОИ да ги преземе и да ги чува патничките и другите моторни возила и резервни делови правосилно одземени во управна постапка, а кои се наоѓаат во плацевите на АМСМ, се до моментот на продажба од страна на ЦУ или нивно бесплатно отстапување согласно одредбите на царинскиот закон;
- АУОИ се обврзува веднаш а најкасно до 30 дена од потпишувањето на меморандумот да започне постапка за продажба на сите предмети кои правосилно се одземени во царинско прекршочна постапка, а кои ги чува ЦУ.

[23]Извор на податоци:Барање бр.03-466/1 од 11.09.2009 година.
[24]Извор на податоци:Меморандум број 03-547/1 од 09.04.2010 година.

Во текот на 2010 година на седница на УО, членови го разгледале текстот на Меморандумот и изнесени се забелешки за постапување по предмети одземени во управна постапка, бидејќи за тој тип на постапка согласно ЗУОИ, АУОИ не е надлежна. Дискутирано е да се направат и некои технички корекции во текстот на Меморандумот со напомена да се внесе поле за потпис од двете страни при верификација на записниците. Членови на УО не го прифатиле предлог Меморандумот, бидејќи констатирале дека не е во согласност со ЗУОИ и Правилникот за постапување со одземени предмети и констатирале дека истиот треба да се преработи. И покрај констатираните недостатоци на Меморандумот, во месец февруари на седница УО донел одлука[25] со која се усвојува предлог текстот. Предвидените обврски со Меморандумот до денот на известување од извршената ревизија не се исполнети и покрај периодот од 18 месеци од неговото потпишување.

4.2 Во насока на поефикасно функционирање на АУОИ согласно законските надлежности, потребна е континуирана координација и соработка помеѓу институциите вклучени во процесот на одземање на имот/стока со цел известување на АУОИ за преземање и сместување на одземениот имот. Во текот на ревизијата утврдивме значајно отсуството на координацијата помеѓу АУОИ и надлежните институции во РМ. Отсуството на взаемна комуникација и координација создава конфузија во процесот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, поради што настанале следните состојби:

- Известување[26] од АУОИ до Генерален секретаријат на Владата на РМ и до МФ на РМ во кое се наведува дека АУОИ не била запозната од ЦУ дека 80 возила се правосилни и спремни за продажба и дека овие возила се чуваат во АМСМ. Во истото барање АУОИ предлага Владата на РМ да ја задолжи ЦУ редовно да ја известува АУОИ за сите правосилни пресуди, за локацијата на возилата како и за нивната комплетна документација. За наведената состојба во текот на 2010 година од страна на ЦУ доставен е извештај[27] за испратени дописи до АУОИ во кој се наведени записници за примопредавање на привремено и правосилно одземени стоки во прекршочна постапка;
- Известување[28] од АУОИ до ЦУ на РМ за нерегуларности со одземената стока во кое се наведува дека ЦУ ја известила АУОИ за одземена стока со правосилно решение, која може да биде предмет на располагање, како и со доставена потврда за привремено задржани предмети. Согласно законските надлежности АУОИ презела активности за отстапување на одземените предмети. При постапката

[25]Извор на податоци:Одлука број 03-203/3 од 04.02.2010 година.
[26]Извор на податоци:Известување број 09-998/2 од 10.06.2010 година.
[27] Извор на податоци:Извештај број 05-12426/10 – 0007 од 24.08.2010 година.
[28]Извор на податоци:Известување број 03-2022/9 од 03.10.2011 година.

за преземање и отстапување, претставниците на АУОИ биле известени од царинските службеници дека одземената стока е царинета и е вратена на правното лице од кое е одземена, спротивно на донесеното решение со кое тие предмети се одземаат;

- Барање[29] од ЦУ доставено до АУОИ во која се наведува дека АУОИ отстапила возило на државен орган со решение за кое ЦУ утврдила дека се работи за возило кое се води во евиденцијата на одземени стоки на ЦУ и дека истото е одземено во управна постапка по основ на изјава за отстапување во корист на државата од неговиот сопственик, од што произлегува дека АУОИ немала никаква законска надлежност, бидејќи со ваквите отстапени стоки постапува ЦУ согласно одредбите од Царинскиот закон како и согласно Уредбата за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средства стекнати со продажба.

4.3 Согласно член 24 и 25 од ЗУОИ предвидено е по донесената Одлука на судот или друг орган за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети како и по донесената правосилна одлука, Судот или друг орган без одлагање ја известува АУОИ и ги предава конфискуваниот имот, имотната корист или предметите, доколку претходно не се предадени на АУОИ. При предавањето на овие предмети АУОИ се соочува со следните проблеми[30]:

- Судските предмети се доставуваат со задоцнување кое влијае на можноста сторителот да го оневозможи извршувањето;
- При извршување на пресудата за наплата на имотна корист не се наведува имотот по кој треба да се постапува;
- Судот најчесто не изрекува времени мерки за обезбедување на побарувањето.

Во периодот 2009 – 2011 година не се врши редовно и навремено известување од страна на Судовите, поради што АУОИ не добива навремени информации за одземениот имот во РМ. Ваквата состојба влијае врз неможноста на АУОИ за постапување со одземениот имот согласно надлежностите утврдени во ЗУОИ. Од судовите добивме информации дека ја известуваат АУОИ за одземените стока/имот и ги предаваат предметите на АУОИ, само по добивањето на правосилна пресуда.

## 5. Мерки за обезбедување и контрола

5.1 Плацовите и магацинските простори, во кои АУОИ ја сместува одземената стока/имот, се лоцирани во Скопје, Тетово и Гевгелија. Од увидот на лице

[29] Извор на податоци:Барање број 05-021458/10-006 од 15.09.2010 година.
[30] Извор на податоци:ГИ за работа на АУОИ за 2010 год. број 01-1522/1 од 30.05.2011 година.

место како и од добиените образложенија од одговорните лица во АУОИ, ја затекнавме следната состојба:

- Плац за возила и магацин во КПД Идризово, каде се вработени 5 лица општи работници од АУОИ, со кои се спроведува 24 часовно обезбедување. Плацот се граничи со КПД Идризово, истиот е соодветно ограден, меѓутоа од состојбата на самата ограда може да се забележи дека постојат оштетувања кои укажуваат на неовластени влегувања во плацот - кражби кои во текот на 2011 година биле пријавувани од надлежните лица во АУОИ во МВР на РМ. По овој основ причинета е штета во износ од 201.600 денари.[31] Плацот не е соодветно тампониран, возилата во него се складирани без ред, како и не постои празен простор помеѓу возилата и истите се целосно или делумно обраснати со тревна вегетација. Во кругот на плацот сместен е магацински простор во кој се складираат предмети одземени во кривична и прекршочна постапка од Судовите и ЦУ;
- Плац во Петровец, кој е соодветно ограден, но поради близината со аеродром, во соработка со новиот концесионер била извршена дислокација на сите возила. На плацот се уште се наоѓаат неколку камиони, приколки и цистерни. Нивната дислокација е одложена поради тоа што не биле во возна состојба како и поради непостоење на соодветни транспортни средства за нивната дислокација. Плацот е обезбеден со две лица вработени во АУОИ;
- Плац во Миладиновци во кој се наоѓаат возила кои се преземени од АМСМ, соодветно се подредени, класифицирани согласно евиденцијата која ја водела АМСМ. На секое возило испишан е бројот на соодветниот протокол по кој возилото е преземено од плацот на АМСМ. На плацот се вработени 4 лица со 24 часовно обезбедување;
- Магацинот во Тетово, кој е отстапен на АУОИ од страна на ЦУ, се наоѓа во кругот на фабриката Тетекс и претставува дел од комплекс на три магацини кои се во сопственост на ЦУ. Магацинот е обезбеден преку инсталиран алармен систем кој врши дојава на секој неовластен влез во магацинскиот простор кај надлежен оператор, кој се јавува кај овластениот претставник на АУОИ. Во магацинскиот простор запленетата стока не е распоредена по вид на стока, нема вработено магационер, кој ќе воспостави магацинско работење. Магацинот во Тетово функционира без ниту еден вработен;
- Плацот во Гевгелија е 24 часовно обезбеден од страна на пет лица вработени во АУОИ, ограден е од сите страни од соодветна ѕидана ограда и е во добра состојба. Во кругот на плацот сместен е магацински склад во кој ЦУ складира стока запленета по царински

[31] Извор на податоци:Известувања од АУОИ доставени до СВР – Скопје – ПС - Гази Баба број 07-2522/1 од 04.10.2011, број 07-1847/1 од 04.07.2011 и 07-2612/1 од 13.10.2011 година.

прекршок и во него АУОИ нема пристап освен во присуство на овластено лице од ЦУ.

За магацинските простори со кои располага АУОИ нема добиено одлука за давање на користење и располагање од Владата на РМ и истите не овозможуваат заштита на одземениот имот од уништување и намалување на неговата вредност со цел задоволување на начелата на економичност, законитост, ефикасност, транспарентност, со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност предвидени со ЗУОИ. Во текот на 2010 година Владата на РМ започна иницијатива за доделување на дел од касарни во РМ на АУОИ, но до денот на известување од извршената ревизија оваа активност не е реализирана. Од одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека доколку се зајакнат човечките, материјалните и финансиските капацитетите на АУОИ, може да се гарантира и безбедноста на одземениот имот, во спротивно не постои гаранција за имотот/стоката која е сместена во складиштата и магацините на АУОИ. Оваа состојба ја потврдува и фактот што во текот на 2010 година АУОИ ја информирала[32] Управата за извршување на санкции, дека во еден од плацевите за возила и магацинот за одземена стока постои можност за неовластено влегување во просторот на депото.

## 6. Процена и евиденцијата

6.1 Согласно член 27 од ЗУОИ по примањето на имотот, АУОИ врши процена на неговата пазарна вредност, при што може да користи услуги на овластени проценители. АУОИ нема донесено пишана методологија/критериуми за проценка на вредноста на одземениот имот, врз основа на која би ја вршела процената. Од извршените интервјуа со одговорните лица во АУОИ добивме образложенија дека процена при приемот на одземениот имот не се врши туку истата се врши по потреба, при продажба или отстапување. Како образложение и причина за ваквата состојба АУОИ ги наведува недостигот на кадар и финансиски средства, коишто би биле наменети за услуги за проценка. За надминување на овој проблем АУОИ се обраќала до Бирото за судски вештачења кое располага со стручни лица, но поради ограничен капацитет и користење услуги за вршење на судски вештачења, пред се во судски постапки, не може континуирано да одговори на потребите на АУОИ со оглед на обемот на одземениот имот. Одговорните лица сметаат дека за надминување на овој проблем потребно е пополнување на одделението за проценка со стручни лица, кои континуирано на редовна основа, ќе вршат проценка на сите одземени предмети. Во отсуството на пишана методологија/критериуми, недостиг на финансиски средства за ангажирање на овластени проценители, како и редовно вработување на стручен кадар, постои ризик од нереално утврдување на вредноста. Ваквата состојба има

[32]Извор на податоци:Барање број 07-355/2 од 05.03.2010 година.

влијание и врз неможност за негова материјална евиденција, продажба и остварување на средства во Буџетот на РМ.

6.2 Согласно член 6 од ЗУОИ предвидено е АУОИ да води евиденција на целокупниот одземен имот. Со Правилникот за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот се уредува начинот на водење евиденција на податоците за одземениот имот во писмена и електронска форма и начинот на чување на податоците во АУОИ во сите фази на постапката, од моментот на привремено одземање на предметите до завршување на постапката. Со правилникот утврдено е АУОИ да води општа евиденција за конечно одземени предмети и посебна евиденција за привремено одземени предмети, како и податоците кои оваа евиденција треба да ги содржи: број на предмет, датум на прием, предавач, назив на институцијата која ги одзема, правен основ врз основа на кој е одземен имотот, број на записник за примопредавање, датум на преземање, сместување и локација каде се наоѓаат, податоци за лицето од кое се одземаат предметите, одлука во кривична или прекршочна постапка врз основа на која се одзема предметот, како и решение на АУОИ за постапувањето со одземениот имот. Ревизијата утврди дека евиденцијата за одземената стока/предмети за 2009, 2010 и 2011 година АУОИ ја води во EXCEL и истата не е во согласност со донесениот правилник и не нуди целосни, навремени, континуирани и комплетни податоци за вкупната одземена стока/имот со која располага како и заштита на податоците кои се внесени. Во таа насока Владата на РМ укажала на АУОИ да преземе активности за преземање и сметководствено евидентирање на одземениот имот и документацијата од МВР, ЦУ и Судовите и за прогресот на активностите да ја информира. Во текот на 2011 година АУОИ започнала постапка за воспоставување на материјална евиденција. Од извршените интервјуа со одговорните лица за материјалното сметководствено евидентирање, добивме образложенија дека податоците во документацијата која била преземена во 2011 година, не секогаш се комплетни. Евиденцијата на одземениот имот се врши врз основа на судски одлуки во кои не секогаш е специфициран точниот назив на артиклот или неговиот вид, назив, идентификационен број, односно се води како „непозната супстанца„ или „пакет со непозната материја„, поради што оневозможено е да се потврди предмет кој треба да биде евидентиран. Во голем број предмети количините не се точно дефинирани, поради што отежнат е квантитативниот прием на артиклите. Непознатите односно сомнителни материјали се примени по записници, одлуки или решенија од судот.

6.3 Од формирањето на АУОИ не е спроведен попис на одземениот имот/стока со кој располага АУОИ. Нерегулираниот статус на користење на магацинските простории и складовите каде се чува одземениот имот, недоволната кадровска екипираност и необезбедени финансиски средства на АУОИ за преземање и натамошно управување со одземениот имот, не извршеното

примопредавање на одземените предмети со институциите кои претходно ја имале оваа надлежност, се причини за неизвршен попис, поради што АУОИ не располага со точни, веродостојни и целосни податоци за одземениот имот, со цел утврдување на целосноста, комлетноста и точноста на одземениот имот, негово воведување во материјално сметководствената евиденција на АУОИ, како и изготвување на статистички, финансиски и други извештаи за состојбата со истиот, согласно делокругот на работа на АУОИ предвиден со ЗУОИ.

6.4 Во текот на ревизијата извршивме увид во евиденцијата за конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети во следните институции: МВР, ЦУ, Основен суд - Скопје 1, Основен суд Битола, Основен суд Штип, Основен суд Гевгелија и Основен суд Куманово во кои ја утврдивме следната состојба:

- **Министерството за внатрешни работи** не располага со централна материјално сметководствена евиденција за одземениот имот/стока. Во текот на 2010 година АУОИ доставила барање до МВР за добивање на детален преглед за одземени предмети(првично за возила). Од страна на МВР доставено е барање до сите Сектори за внатрешни работи, до Оддел за организиран криминал и Сектор за меѓународна полициска соработка за доставување на следните информации: список на сите одземени моторни возила со кои во моментот располагаат, број на кривична или прекршочна пријава поднесена во постапката во кое возилото е одземено, како и известување во која фаза се наоѓа постапката (дали е донесена правосилна одлука). Врз основа на добиените податоци, МВР на РМ изработило и доставило до АУОИ список[33] на одземени возила со кои во моментот располага, со податоци од кого е одземено возилото и број на кривична и прекршочна пријава. До денот на завршувањето на ревизијата не е извршено примопредавање на наведените одземени возила;
- **Царинска управа** согласно член 2 од Меморандумот за меѓусебно разбирање и соработка доставила список на магацини и други простори каде се сместени привремено, конечно и правосилно одземени стоки, по основ на прекршочна постапка, со што на АУОИ и ги оставаат на увид и проценка, со цел утврдување на динамика за преземање на одземените предмети, како и дефинирање на точните локации и време на нивното работење во кое ЦУ ќе изврши предавање на привремено и правосилно одземените предмети[34]. Постапувајќи по Нацрт записник на 117 та седница на Владата на РМ[35] АУОИ била задолжена да организира примопредавање на

[33]Извор на податоци:Список на одземени возила број 20.4-3050/1 од 18.01.2011 година.
[34]Извор на податоци:Ургенција број 02-013834/10-003 од 01.06.2010, Реализација на соработка број 05-021458/10 - 0009 од 30.09.2010 година
[35]Извор на податоци:Извадок број 19-4883/1 од 05.11.2009 година.

привремено одземена стока/имот, поврзана со веќе предадените прекршочни предмети од судовите на ЦУ и за реализацијата да ја информира Владата на РМ. По овој заклучок ЦУ донела одлука за формирање на Работна група за примопредавање на привремено и правосилно одземени стоки во прекршочна постапка сместени во простории под надзор на Царинарниците Скопје, Битола, Гевгелија, Штип и Тетово. Работните групи изготвиле записници, уредно потпишани од претставници на ЦУ и АУОИ. Согласно Меморандумот АУОИ и ЦУ се обврзале да водат вонбилансна евиденција за одземените предмети и квартално да ја усогласуваат. Вонбилансната евиденција во ЦУ се води по повеќе основи: прекршочна постапка, изјава за откажување во корист на државата, конечно одземени стоки, бесплатно отстапување на стоки, одлука за уништување и продажба на стоки. Во текот на 2011 година ЦУ побарала од АУОИ да врши квартално усогласување на вонбилансната евиденција на предметите и да се изготвува извештај. Со цел остварување на целосно евидентирање на одземената стока, во ЦУ набавен е систем ЕРП ЛУКА - Модул Запленета Стока, кој е дел од информациониот систем на ЦУ. Во системот се евидентира целокупната запленета стока во кривична, прекршочна и управна постапка. Внесувањето во системот се врши од локалните операторите на ЦУ во моментот на запленувањето, а потоа во зависност од текот на постапката, надлежниот оператор го менува статусот се до донесувањето на правосилното решение, при што во евиденцијата се впишува конечниот статус на одземената стока (дали се одзема, се враќа на сопственикот, се уништува или се отстапува). Во моментот на запленувањето на одземената стока надлежниот оператор телефонски или електронски ја известува АУОИ. Системот не нуди можност за прегледување на запленетата стока по број на прекршочна постапка, што би било олеснување за одговорните лица на АУОИ, бидејќи на тој начин го добиваат известувањето за одземање на предмети од ЦУ. За да се овозможи пристап до вака воспоставената евиденција помеѓу ЦУ и АУОИ е склучен договор за далечински пристап до системот, а со цел користење на податоците без можност за измена. До денот на известување од страна на АУОИ не се користи наведениот модул.

- Дел од **основните судови** располагаат со некомплетна евиденција за предметите кои се одземени во прекршочна и кривична постапка, односно евиденцијата не содржи податоци за тоа колку и каква стока/предмети се одземени како и податоци за „судбината„ на одземените предмети. Во дел од судовите не се води евиденција на одземените предмети во кривична и прекршочна постапка во АКМИС. Не е извршен попис на целокупниот имот/предмети кој е привремено и одземен со правосилна пресуда, поради што основните



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.*
*2.*
*3.*

судови не се во можност да дадат прецизни и точни податоци за количината и видот на одземени предмети во кривична и прекршочна постапка со кои располагаат, како и каде тие се наоѓаат. И покрај законската обврска, судовите не ја известува АУОИ за привремено одземениот имот/предмети во кривична и прекршочна постапка и истиот не е во целост предаден на управување на АУОИ. Во поголемиот дел од судовите привремено/правосилно одземените парични средства се чуваат во просториите на судот/сефови/судски каси, иако согласно ЗУОИ тие треба да бидат предадени на АУОИ. За сместување и чување на одземените возила/предмети Основниот суд Гевгелија има склучено Договор[36] за користење на магацински простор, транспортни услуги и услуги за растовар и утовар на стоки, со правно лице, за кој во периодот од 2009-2011 година, има исплатено средства во износ од 1.874.000 денари, иако за преземање и чување на одземениот имот е надлежна АУОИ. Податоците за евиденција на одземениот имот во основните Судови во РМ подетално се прикажани во Прилог 2, Преглед 2 кон овој извештај.

**Утврдени состојби**

- Во текот на 2010 година Владата на РМ формирала комисија[37] за утврдување на состојбата на одземениот имот во АУОИ со предлог заклучоци за постапување. Комисијата ги утврдила следните состојби:

  - не е преземен целокупниот привремено одземен имот од МВР, ЦУ и Судовите во РМ;
  - за преземениот привремено одземен имот не се води сметководствена евиденција;
  - приемот на привремено одземените возила во депото на КПД – Идризово и во седиштето на АУОИ не се врши согласно прописите на архивското работење, ЗУОИ, како и Правилникот за формата и содржината на образецот на записникот за одземениот имот, имотна корист и одземени предмети на АУОИ;
  - при преземањето на привремено одземениот имот не е извршена процена;
  - доставени се 400 известувања за правосилни пресуди од страна на судовите кои датираат од април, мај и јуни 2010 година, кои не се архивски евидентирани, иако истите се наоѓаат во седиштето на АУОИ, при што комисијата не можеше прецизно да го утврди датумот на прием на истите;

[36]Извор на податоци Договор број 71/2001 од 25.07.2001 година
[37]Извор на податоци: Информација број 09-1472/1 од август 2010 година.

- на плацот на КПД Идризово се наоѓаат 1.225 возила кои се преземени со Протоколи од Министерството за правда, за кои согласно доставената документација, правосилно е завршена постапката за 20 возила;
- во однос на подзаконските акти комисијата утврди дека истите не се во согласност со ЗУОИ и дека содржат нејасни или непрецизни одредби(поимите за одредувањето на класата на возилата се дефинираат со наведување на конкретни марки на возила) што укажува на потребата од ревидирање и усогласување на овие подзаконски акти со релевантните законски прописи;
- комисијата ја констатира потребата од зајакнување на кадровските капацитети на АУОИ, како и надминување на проблемот со просторно сместување;
- имајќи ја предвид констатацијата дека не постои сметководствено евидентирање на привремено одземениот имот, комисијата смета дека АУОИ треба да го усогласи своето работење согласно ЗЈВФК.

- Со цел унапредување на ефикасноста и функционирањето на АУОИ во извршување на законските надлежности во текот на 2009 година спроведени се две јавни набавки:

  - Јавна набавка[38] за изработка на интернет страница и систем за електронска аукција, за што е склучен договор во вредност од 288.750 денари. Системот треба да обезбеди електронско наддавање на одредени производи и добра кои ќе бидат понудени online. Системот е дизајниран да функционира како склоп од две засебни целини, дел за презентација кој ќе биде видлив за посетителите – учесниците во електронската аукција и административен дел, кој ќе се користи од вработените во АУОИ за внесување на податоци и информации. Со апликацијата се очекува да се добие динамична интернет страница за презентирање на одземениот имот, предмет на продажба, односно: можност за администрирање со содржините на страницата, регистрација на корисниците на страната и нивно логирање со корисничко име и лозинка, можност за корисниците да наддаваат online за производите предмет на аукција, дефинирање на времетраењето на аукцијата од страна на Администраторот, можност за продолжување на аукцијата, можност за администрирање со корисниците на системот од страна на администраторот, автоматско испраќање на е - mail до учесникот кој добил на аукцијата по нејзино завршување. За користење на предложеното софтверско решение предвидено е да се обезбеди обука на корисниците, со цел стекнување на доволни вештини за практична работа со понуденото

[38]Извор на податоци:Одлука број 05-851/1 од 14.12.2009 година.

решение. Набавениот систем за електронско јавно наддавање – аукција не е употребен за спроведување на продажба.

– Јавна набавка[39] за изработка на проектна документација за противпожарна заштита за објект за одземена стока во населба Идризово, за што е склучен договор со фирма во вредност од 326.270 денари. Проектот содржи: проект за фаза архитектура, елаборат за заштита од пожар и проект за систем за детекција и алармирање на пожар. Основна цел на проектот е изработка на проект за постоечката состојба и предлог сообраќајно решение во централното депо за запленети возила во Идризово, со вкупна површина од 30.852м$^2$, во кое се наоѓаат четири објекти различни по својата конструкција и намена и тоа: портирница, надстрешница, хала – магацин и канцеларии. Исто така цел на проектот е да се дефинира предметниот комплекс од сообраќаен аспект, односно да се реши сообраќајот во внатрешноста на локацијата според важечката законска регулатива, заради обезбедување на максимален простор за паркинг места. Делот на проектот за автоматското откривање и јавување на пожар уште во раната фаза, се состои од: агресивни аналогни системи за дојава на пожар, принцип на алармирање, алармен план и организација на алармот во објектот. До денот на известување од извршената ревизија, изработениот проект не е реализиран.

- Со цел регулирање на преземањето и чувањето на моторните возила и нивните делови кои привремено или конечно се одземени од судовите, нивната евиденција, продажбата на возилата, како и распределба на приходите, во текот на 1999 година склучен е договор[40] и анекс договор помеѓу МП и АМСМ. Во февруари 2007 година МП – внатрешна ревизија и ДУИ, извршиле увид во работењето на АМСМ, за што изработиле информација за состојбата со одземените возила и утврдиле неправилности и недоследности во однос на нивната продажба. Во текот на 2009 година склучена е спогодба помеѓу МП и АМСМ за раскинување на договорот, согласно која основните средства, инвентарот и опремата кои се користени од АМСМ потребно е без надоместок да се отстапат на АУОИ, а преземањето на одземените возила и делови да се изврши комисиски со записник на принцип видено - преземано, најдоцна до 15.02.2010 година. По основ на обврски за чување на овие возила МП на АМСМ исплатило средства во износ од 1.444.382 денари. Од страна на Владата на РМ, АУОИ е задолжена да ги преземе моторни возила од собирните пунктови Скопје - Петровец и Гевгелија, од АМСМ. Активностите се започнати со формирање на комисија[41],

[39]Извор на податоци:Одлука број 05-840/1 од 10.12.2009 година.
[40]Извор на податоци:Договор помеѓу МП и АМСМ број 03-3210/1 од 24.06.1999 година.
[41]Извор на податоци:Решение број 07-16/1 од 04.01.2010 година.

составена од претседател кој истовремено е претседател на УО како и членови од АМСМ и АУОИ, задолжена за извршување на попис на наведениот одземен имот. Членовите на комисијата извршиле попис на возилата кои се наоѓаат на плацот на АМСМ – Петровец и Гевгелија, за што се изготвени пописни листи, каде се наведени бројот на возилото заведено во контролникот што го води АМСМ, број на кривична или прекршочна постапка, тип на возило, боја, број на шасија, сторител. Во доставените пописни листи, не е наведен периодот кога е вршен пописот, дел од колоните не се пополнети, пописните листи не се потпишани од членовите на комисијата и не е изработен извештај од извршениот попис. Поради техничките и кадровските проблеми и не пренесеното право на користење на плацовите каде се сместени возилата, АУОИ активностите ги започнала во февруари 2011 односно една година покасно. Комисијата имала за цел предавање на документација за возилата кои се наоѓаат на плацовите во Петровец и Гевгелија. Оваа активноста траела до јуни 2011 година и резултирала со записничко преземање на 1330 предмети од Скопје и 130 од Гевгелија за возила и нивно дислоцирање на плац во Миладиновци. Исто така за овие возила, АУОИ нема извршено проценка на вредноста, и нема воспоставено материјално сметководствена евиденција.

- Во 2010 година АУОИ до Врховен суд на РМ доставила информација[42] со која известува дека се обратила до сите основни судови со барање за преземање на целокупната материјално сметководствено евиденција на одземен имот со која располагаат, со цел спроведување на активности за преземање на целокупниот имот. Исто така АУОИ информира дека добиени се одговори само од неколку основни судови, кои доставиле списоци со одземени предмети, како и за неопходноста судските органи да воспостават унифициран систем за евидентирање на одземените предмети, нивна координација, со цел евидентирање и непречено преземањето на одземениот имот од судовите во надлежност и управување на АУОИ. До завршување на ревизијата не постои конкретна активност во оваа насока.

- Во текот на 2011 година со Решение[43] од Министерот за правда формирана е работна група за изработка на предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Комисијата е составена од 10 члена, претседател е претседателот на УО на АУОИ и десет членови од редовите на АУОИ, Основното јавно обвинителство – Скопје, МП, МВР, ЦУ, МФ, Основен суд Скопје 1, Јавното обвинителство на РМ и претставник од Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. До

[42]Извор на податоци:Иницијатива број 07-2813/1 од 15.12.2010 година.
[43]Извор на податоци:Решение од министерот за правда број 07-1069/1 од 14.03.2011 година.

завршување на ревизијата не е завршена постапката за изработка и донесување на Законот за изменување и дополнување на ЗУОИ.

**Препораки**

Со цел да даде придонес во функција на подобрување и унапредување на состојбите утврдени кај ризичните подрачја претставени во овој извештај, ревизијата ги дава следните препораки:

- Владата на РМ да преземе активности за развивање и усвојување на основен и последователен **стратешки документ**, со кој ќе се дефинираат насоките и активностите кои АУОИ и надлежните институции во РМ треба да ги направат во наредниот период, со дефинирање и утврдување на носители на активности, рокови, потребни алатки, како индикатори за следење на реализацијата и начин на нивно спроведување. Преточувањето на стратешките приоритети во детален акционен план со динамика на активности, надлежности и институции, ќе придонесе кон систематизирано и целосно управување со приоритетите за развој на концептот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети;
- Работната група за донесување на **Закон за изменување и дополнување на ЗУОИ** формирана од Министерот за правда да ја заврши постапка со цел детално и прецизно уредување на оваа проблематика како и преземање на активности за заокружување и прецизирање на подзаконската регулатива во деловите каде тоа е потребно, имајќи во предвид дека во донесените законски и подзаконски акти постојат бројни недоречености кои создаваат проблеми како во функционирањето на АУОИ така и помеѓу надлежните институции АУОИ. Во таа насока потребно е АУОИ да изработи и донесе подзаконски акти кои детално и прецизно ќе ги уредат постапките за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во сите фази од процесот;
- Надлежните институции да извршат измени, дополнувања на одредбите од **други закони** и подзаконски акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, законските и подзаконските акти. На овој начин би се избегнало преклопување на надлежностите утврдени согласно законските и подзаконските акти на АУОИ со другите институциите во РМ во оваа област;
- Ако се има во предвид фактот дека пред формирањето на АУОИ, надлежноста за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети ја извршувале повеќе институции меѓу кои Судови во РМ, ЦУ, МВР како и нивната регионална организациона поставеност која се остварува преку 26 Судови во РМ, Сектори за внатрешни работи и полициски станици, Царинарници и царински испостави низ државата, се наметнува прашањето за потребата од организациона промена на

функционирањето на АУОИ. АУОИ во соработка со Владата на РМ и надлежните институции, да ја преиспитаат потребата за **регионална организациона поставеност** на АУОИ, како начин на организација, која ќе придонесе за поефикасно функционирање на процесот на управување со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, побрзо и поекономично преземање и складирање на одземената стока/имот, намалување на трошоците за транспорт и подобрување на комуникацијата и координацијата со надлежните институции вклучени во оваа активност;

- Во насока на подобрување на тековната состојбата со **кадровска екипираност**, како еден од условите за непречено функционирање на АУОИ, препорачуваме Владата на РМ и другите надлежни институции да продолжат со активностите за вработувања, со цел подобрување на ефикасноста во управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, односно подобрување на ефикасноста во извршување на законски надлежности, што би имало за краен ефект зголемување на приходите во Буџетот на РМ;
- Спроведување на **обуки** за вработените и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземен имот, со кои ќе се унапредат и одржат стручните и професионалните знаења за практична примена на концептот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, како и обезбедување на повисока свест и одговорност за улогата и значењето на АУОИ;
- Во насока на ефикасно функционирањето на АУОИ од особено важност е да се создаде континуирана и непосредна **соработка** со надлежните институции како што се судовите, МВР, ЦУ, во процесот на известување и доставување на потребната документација – предмети до АУОИ за нејзиното понатамошно проследување;
- Интензивирање на активностите кај АУОИ и надлежните институции за обезбедување на дополнителни **магацински простори**, односно создавање услови за преземање на целокупниот одземен имот и сместување во магацинските капацитетите на АУОИ;
- Решавање на проблемот со **проценка** на одземениот имот/стока, кој влијае врз целокупниот процес на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и е од исклучително значење за АУОИ. За таа цел потребно е да се обезбеди допрецизирање на законската регулатива, со што ќе се овозможи одвивање на целокупниот циклус на одземениот имот од неговото одземање до крајниот процес на негова продажба и остварување на средства во Буџетот на РМ;
- Во услови на неизвршено целосно преземање на одземената стока/имот која сеуште се наоѓа сместена во складови на институции како што се ЦУ, МВР, Судови и други институции во РМ кои пред формирањето на АУОИ ја имале оваа надлежност, а со цел заокружување на процесот на преземање на целокупниот одземен имот, Владата на РМ да ги задолжи надлежните институциите во РМ да направат целосен и детален **попис** за утврдување на

точниот и прецизен број на одземена стока/предмети кои се наоѓаат во овие институции. Со пописот потребно е да се утврди состојбата на одземените предмети односно да изврши утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата. За оние одземени предмети за кои ќе се констатира дека се неупотребливи, да се дадат насоки за постапување со истите. Податоците од извршениот попис би се употребиле во процесот на евидентирање на целокупниот одземен имот на ниво на РМ. Оваа активност значително ќе придонесе за подобрување на сместувачките капацитети кај институциите кои вршат одземање на имот. Овие податоци понатаму би се искористиле за утврдување на рокови и дефинирање на постапки за предавање на одземениот имот на АУОИ;

- Имајќи го во предвид значењето на надлежностите на АУОИ, поврзани со управувањето со одземениот имот односно негово чување, складирање, евидентирање, продажба и остварување на приходи во Буџетот на РМ, како и проблемите со кои се соочува АУОИ во нејзиното функционирање, потребно е Владата на РМ да даде придонес во интензивирање на процесот на **институционалното зајакнување** и издигнување на оваа институција во орган кој ефикасно и ефективно ќе ги извршува законските надлежности во управувањето со одземениот имот на ниво на цела држава.